Македонски Народен Театар

СОЗДАВАМЕ НА СВЕТОВ

УБАВИНА

МНТ•ФЕСТ

МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

03.06 - 13.06.2017



Македонски Народен Театар

Издавач: НУ Македонски народен театар
ул. „11 март“ бр. 3, Скопје, Р. Македонија
тел..: + 389 2 3216 725
веб-локација..: www.mnt.mk | е-пошта..: info@mnt.mk

Резервација и продажба на билетарницата на МНТ тел. + 389 2 3230 304

Министерство за култура на Република Македонија

АДОРА инженеринг

11 ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТ

dm ТУКА СУМ ЧОВЕК ТУКА КУПУВАМ

HOTEL RUSSIA ****

#ВозиОдговорно

МНТ•ФЕСТ

МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

ПРОГРАМА

3.6. 2017 | 19:30
СЕЗОНА 017 E01
ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФОТ ДРАГАН ГАЈИЌ

3.6. 2017 | 20:00
„НИЧИЈА ЗЕМЈА“
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР , Р. МАКЕДОНИЈА,
Данис Тановиќ/ Александар Морфов | Адаптација и режија:
Александар Морфов

ДЕТСКИ МНТ ФЕСТ

СИЉАН ШТРКОТ
4.6.2017 | 12:00
„СИЉАН ШТРКОТ ШАНЦА“
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР, Р. МАКЕДОНИЈА
Автор: Дејан Дуковски| Режисер: Срѓан Јаниќијевиќ

4.6.2017 | 18:00
„АВАНТУРИТЕ НА АЛАДИН“
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР, Р. МАКЕДОНИЈА
Адаптација и режија: Бојан Трифуновски

4.6.2017 | 20:00
„ПРАВО КОН ЅВЕЗДИТЕ“ - ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ
Томато продукција | режисер: Бане Поповиќ

5 и 6.6.2017 | 20:00
„МАГБЕТ“
ХУИ ОПЕРА И ПЕКИНШКИ ОПЕРСКИ ТЕАТАР, Р. КИНА
Режисер: Ќина Су

8.6.2017 | 20:00
„ДОН ЖУАН“
ТЕАТАР „ИВАН ВАЗОВ“, Р. БУГАРИЈА
Автор: Жан Батист Молиер | Режисер: Александар Морфов

09.06.2017 | 20;00
БАЛКАНСКИ STAND UP СО САШКО КОЦЕВ И ПРИЈАТЕЛИТЕ

13.6.2017 | 20:00
„ИВАНОВ“
НАРОДНО ПОЗОРИШТЕ БЕЛГРАД, Р. СРБИЈА
Автор: А. П. Чехов | Режија и адаптација: Татјана Мандиќ-Ригонат

интернет радио

www.mnt.mk/fm

За сите љубители на театарот, и уметноста воопшто, имаме чест да Ви го најавиме МНТ ТЕАТАРСКО РАДИО кое во своите дневни содржини ќе опфаќа содржини од културата. Замислено како културен промотор на теми и автори од областа на театарот, филмот, ликовната уметност, музиката МНТ ТЕАТАРСКО РАДИО на својата слушателска публика ќе им ги доближи актуелните настани со нивните автори. Воедно, преку промоцијата на македонските авторите, преку разговорите МНТ ТЕАТАРСКО РАДИО ќе проникне во суштината на творечкиот став и намера на современиот творец. Иако, основната цел и намера е следење и промовирање на сите настани на македонско тло, секако дека ќе се тежнее ексклузивни гости од регионот и светот да ги споделат своите искуства, стремежи и авторски амбиции.

Веруваме дека МНТ ТЕАТАРСКО РАДИО ќе делува како информативен, но и едукативен медиум кој ќе придонесе во формирањето и издигнувањето на публиката, како краен реципиент на уметничкото дело.

МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

Моќта на театарот е во способноста публиката да ја извлече од реалноста и да ја пренесе во светот на магијата и фантазијата. Но, претставата трае кратко, а впечатоците и возбудата што ги предизвикува кај гледачите полека исчезнува. Единствената трага што останува и буди сеќавања е фотографијата и филмот (видеото)... Фотографот со своето око, рефлекс, култура, се втурнува во дејството и создава слики што ќе зборуваат за претставата и во време кога таа одамна престанала да се игра. Таа станува визуелна меморија за настанот.

Гледајќи ги фотографиите на Драган Гајиќ, ја гледаме неговата заљубеност во Театарот, неговата возбуда од дејството, сето тоа преточено во слика што плени со визуелноста и магијата на уметноста. Сликата останува како траен запис на авторот за претставата, за луѓето во неа и духот што го зрачи.Добрата фотографија е во нивна чест.

Александар Кондев, фотограф

03.06
19:30

ИЗЛОЖБА
НА ДРАГАН ГАЈИЌ
ТЕАТАРСКА ФОТОГРАФИЈА:
СЕЗОНА 017 Е01
03 јуни – 04 јули 2017

Куратори на изложба:
Ивана Јарчевска, Екатерина Намичева
Организација:
Деспина Тодоровска
Техничка екипа:
Ангел Петровски и Дарко Базерко



Драган Гајиќ (1967) дипломира на Факултетот за драмски уметности на отсек камера, а постдипломски студии завршува на New school for social research, Њујорк, САД, на отсек фотографија и маркетинг. Започнувајќи од 2000 година, работи на голем број на филмови и ко-продукциски проекти како асистент на камера, во Македонија и странство. Директор е на фотографија на повеќе македонски серии, документарни филмови, ТВ филмови, реклами и музички спотови. Работи и фотографи на рекламни кампањи, едиторијали, каталози и слично.

Со фотографија се бави од своја шестгодишна возраст кога татко му Душан Гајиќ, директор на фотографија на многу филмови во тогашната СФРЈ, ќе му го подари првиот апарат од марката Зенит.

Досега има учествувано на повеќе самостојни и групни изложби на фотографија како дипломска изложба на New school for social research, Њујорк, САД, самостојна изложба во SUBWAY New York, и групната изложби National Geographic - Македонија (Мала Станица).

04.06.2017

ИЗЛОЖБА И СТУДЕНТСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ПОРТРЕТНА ФОТОГРАФИЈА

Куратор на изложба:
Екатерина Намичева, Ивана Јарчевска
Предавач на работилница:
Драган Гајиќ
Организација:
Деспина Тодоровска







Портретната фотографија е особено важен медиум кој ја следи театарската магија на сцената и вон неа. Токму затоа Македонскиот народен театар започнува со организирање на работилници за млади фотографи на кои ќе биде ставен фокусот токму на овој вид на фотографска дисциплина. На оваа фото сесија реномираниот мајстор на фотографија Драган Гајиќ ќе сподели свои искуства со студентите од Европскиот Универзитет - Скопје, ФОН Универзитетот - Скопје и Семос Академијата за дизајн - Скопје, при што ќе бидат портретирани актерите од МНТ. Како резултат од работилницата и студентските работи кои ќе произлезат од неа, ќе биде подготвена изложба од најуспешните остварувања,кои воедно ќе бидат вградени и во фото базата на податоци на музејот на МНТ.







МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

03.06
20:00

НИЧИЈА ЗЕМЈА

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Р. МАКЕДОНИЈА

ДАНИС ТАНОВИЌ
АЛЕКСАНДАР МОРФОВ

Адаптација и режија:
АЛЕКСАНДАР МОРФОВ

Играат:
Сашко Коцев, Никола Ацески, Александар Михајловски, Гораст Цветковски, Александар Микиќ, Славиша Кајевски, Александар Ѓорѓиески, Борче Начев, Оливер Митковски, Камка Тоциновски, Ненад Аќелковиќ, Стефан Спасов, Григор Јовановски, Кристина Гиева, Филип Миленкоски, Александар Иваноски, Марија Кондовска, Томе Станковски

Сценографи и костимографи: Никола Тороманов и Валентин Светозарев
Дизајнер на светло: Крис Јегер
Асистенти на режисерот: Николина Кујача и Никола Кимовски
Инспицинент: Никола Кимовски
Преведе од англиски: Марија Димитриевска

времетраење: 120 минути

Ќе ја деминира ли некој мината под задников!?

„Ничија земја“ е слика на апсурдот на балканските народи и нивните ирационални интеракции како во мирнодопски, така и во „воени“ услови. Братоубиството е дел од битисувањето на народите на ова проколнато парче земја, каде што секој секому е подалечен роднина, секој секого разбира, каде што секој секого мрази и љуби, едновремено.

Драмската ситуација - војна, во која се развива оваа црна комедија е метафора на нашата перманентна духовна, но и фактичка состојба на „војна и омраза“ со „братските“ соседни народи, но и внатрешно, меѓу нас.

Тановиќ, избира извонредно место за драмското дејство. Ничија земја! Што би се рекло - ни ваму ни таму, токму така како што сите ние се чувствуваме замешани во оваа балканска каша. Ни ваму ни таму! Тоа е проклетијата наша балканска. Ни ваму ни таму. Ни (со) исток ни (со) Запад. Ни напред ни назад. Ни горе ни долу. Заглавени во „ничијата земја“ заборавена од светот и векот, за која е изгубена секаква надеж од деминирање на глупавата нагазна механичка мина што сами себеси си ја подметнавме под задникот.


Значи, Данис Тановиќ задава една ваква драмска ситуација. Одат двајца Срби, наоѓаат умрен Босанец, и под задникот му стават нагазна мина. Ама, доаѓаат Босанците, го заробуваат едниот Србин, и тогаш од немајкаде оживува умрениот Босанец со нагазна мина под задникот. Мрдне ли, сите одат во воздух. И ете ти малку зафркната ситуација. Потребен е деминер! Итно се бара помош од „штрумфовите“ како што досетливо ги нарекува Тановиќ Унпрофорците. Но, тие не се занимаваат со вакви лудаци што сами себеси си подметнуваат мина под задникот, сè додека не се појават медиумите, па препознаваат можност за самопромоција на своите демократски, цивилизациски успеси пред јавноста што се создаваат на лице место. „Се сликаат“ и си заминуваат оти мината што сами си ја поставуваме под задникот никој не може да ја деминира.

Денес е посебно лесно да се препознаеме во метафората на Тановиќ, за жал.

Загорка Поп-Антоска Андовска, драматург



МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ



Александар Морфов

Роден на 9 ноември 1960 година во Јамбол, Р. Бугарија. Дипломирал режија на ВИТИЗ „Крсте Сарафов“ (1990) во класата на Јулија Огненова. Подоцна завршил и филмска режија кај Георги Дулгеров. Од 1993 г. е режисер во Народниот театар „Иван Вазов“ во Софија. Првите професионални чекори ги започнал на сцената на Родопскиот драмски театар, каде што ја поставил претставата Политичко кабаре (1990). Во почетокот на 90-тите години во Сливенскиот театар ја режирал „Волшебна ноќ“ по текстови на Бекет и Мрожек. Подоцна претставата е пренесена на сцената на МГТ под наслов „Зад каналот“. Една сезона режирал во театарот „Софија“, каде што ја поставил „Бура“ од В. Шекспир. Во Народниот театар „Иван Вазов“ ги поставил: изворната верзија на „Дон Кихот“ по М. Сервантес; „Бура“ и „Сон на летната ноќ“ (1996) од В. Шекспир; На дното по Максим Горки (1997), режисер е на претставите „Декамерон“ или „Крв и страст“ од Бокачо (2000); „Прогонети бунтовници“ (Хъшове) по текст на Иван Вазов (2004); „Животот е прекрасен“, „Лет над кукавичко гнездо“ и многу други.



Александар Морфов работи и во Русија, неговите претстави се играат во Санкт Петербург и во Москва. Освен како режисер се појавува и како актер во неколку филмови: Иван и Александра; „Љубовното лето на еден луд“, „Сирна недела“, „Козји рог“, „Пријателите на Емилија“, „По крајот на светот“, „Ридот на боровинките“; „Патување кон Ерусалим“. Сценарист и режисер е на филмовите Ридот на боровинките, како и на серијата „Прогонети бунтовници“ по истоименото дело на Иван Вазов.

Добитник е на бројни меѓународни и државни признанија и награди меѓу кои: орден „Св. Кирил и Методиј“ за исклучителни заслуги кон Р. Бугарија во областа на културата и уметноста; „Аскеер“ и „Икар“ за режија, „Златна маска“, „Златен суфит“,„Златна муза“, „Галеб“, „Кристален Турандот“ и др.

МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

04.06
12:00

СИЛЈАН ШТРКОТ ШАНЦА

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Р. МАКЕДОНИЈА

автор:
ДЕЈАН ДУКОВСКИ
режисер:
СРЃАН ЈАНИЌИЈЕВИЌ

Играат:
Александар Михајловски, Нино Леви, Марија Новак, Магдалена, Ризова - Черних, Ивица Димитријевиќ, Нина Деан Александар Ѓорѓиески, Славиша Кајевски, Висар Вишка, Кире Ѓоревски, Ана Стојановска, Тина Трпкоска, Нина Деан, Кире Ѓоревски, Никола Ацески

Сценограф и костимограф:
Илина Ангеловска
Кореограф:
Александра Кочовска – Начева

Извршен продуцент: Виктор Рубен
Инспициент: Александар Рајковски

времетраење: 85 минути

За мене добар театар е храм на моралот. Не мислам на место каде што догматски се учат лекции по етика (тоа е лош театар), туку на место во кое сите табуа се кршат, а традиционалните морални вредности се преиспитуваат (и можеби се создаваат нови). Театар кој воспитува, а не поучува.

На пример „Силјан Штркот" на Дејан. Дејан го сакаме зашто секогаш ги пронаоѓа зборовите кои ние ги чувствуваме, а не знаеме како да ги изговориме.

Кој е традиционалниот наратив на Силјан Штркот? Едно момче е проколнато од своите родители, зашто било разгалено. Па кој го разгалил!? Истите родители кои го разгалиле детето, го колнат зашто е разгалено. Прилично сурово. А мора да се признае дека е и традиционално. Чудни вредности.Она што Цепенков го запишал се случува и ден денес. Колку вакви родители препознавате денес? Дали е Силјан поука за децата или за родителите?

Што заклучивме ние додека ја работевме оваа претстава: Подобро е никакво, отколку лошо воспитание, и дека е убаво да се смееш. На пример... А да... И уште нешто - Кој нормален би сакал да порасне во ваков свет?





Срѓан Јаниќијевиќ

Дипломирал на Факултетот за драмски уметности, Отсек Драматургија и режија (филмска и театарска режија). Активно работи на полето на театарот и филмот во својство на автор и режисер. Како режисер ги потпишал претставите: „Библија (Стариот Завет)"- С. Јаниќијевиќ, 2015, НУ Драмски театар Скопје; „Ќелавото момче и волшебниот печат" – С. Јаниќијевиќ, 2013, НУ Турски театар – Скопје; „Оливер Твист"-С. Јаниќијевиќ, 2013, НУ „Театар за деца и младинци"; „Малиот принц"- Антоан де Сент Егзипери, 2012, НУ Турски театар – Скопје; „Шехерезада (Црна комедија во 1001 минута)"- С. Јаниќијевиќ, 2012, НУ МНТ – Скопје и ВИС продукција-Гостивар (копродукција), Don't You Faust Me – С. Јаниќијевиќ, 2011, НУ МНТ-Скопје; „Дракула"-Д. Дуковски, НУ МНТ-Скопје; „Купидона"-С. Јаниќијевиќ, 2005 НУ Драмски театар – Скопје; „Луѓе од соседството" – Хенри Адам, НУ Албански театар – Скопје и British council; „Ослободување на Скопје"- Д. Јовановиќ, 2002 НУ МНТ Скопје; „Павилјони" – Милена Марковиќ, 2001, НУ МНТ Скопје; „Цензор" – Антони Нилсен, 2000, Бабилон театар и МКЦ (копродукција); „Shoping And Fucking" – М. Рејвенхил, 1998, НУ МНТ –Скопје; „Мир" – Аристофан, 1993, НУ МНТ Скопје; „Зрното грашок и принцезата" – Атанас Илков, 1993 НУ Театар за деца и младинци – Скопје.



Во 2014 година како издание на Културна институција „Блесок" објавена е збирката драми „Купидона и други драми" со потпис на Срѓан Јаниќијевиќ.

Во доменот на филмот и телевизијата, автор е на краткометражниот филм „Поган Паган"(2012) - Скопје Ремикс (омнибус), во продукција на Ново Македонско Видео; Па Па Париз – документарна ТВ Серија, 2004 Вретено продукција; Аирлија Транзиција (Капитализам за почетници во 6 лекции" ТВ серија, сценарио: Горан Стефановски, 1994-1997 USAID, КЦ „Мала Станица" и Македонска телевизија (копродукција) „Светлосиво" (омнибус) Прекрасен свет – 1993, Пегаз, Македонска телевизија и ФДУ.

Како преведувач ги потпишал драмите: „Разнесени", Сара Кејн, „Супермаркет", Биљана Србљановиќ и „Shoping and Fucking", Марк Рејвенхил - сите три поместени во „Маме му..." Антологија на нова европска драма, издавач Магор 2004.

Со своите претстави и филмови гостувал на бројни фестивали, а со претставата „Купидона" ја добил наградата за најдобра претстава на Театарскиот фестивал Војдан Чернодрински, добил награда за најдобра претстава на Festival internazionale delle fugure animate, Перуџа, Италија за претставата „Зрното грашок и принцезата". Со таа претстава Јаниќијевиќ ги освоил и следниве награди: специјална награда на International Children Festival, Суботица, Југославија и grand prix на „BARABARAK" International puppet show festival.

04.06
16:00

АВАНТУРИТЕ НА АЛАДИН

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Р. МАКЕДОНИЈА

режисер:
БОЈАН ТРИФУНОВСКИ

Играат:
Александар Михајловски, Дарја Ризова, Сашко Коцев, Никола Ацески, Камка Тоциновски, Славиша Кајевски, Драгана Левенска, Ненад Аќелковиќ, Анастасија Ташковска, Дарио Ефтимовски, А. Енџи Николоска, Изабела Јакимова, Бранко Атанасов, Ема Давчева, Стефан Миленков, Мина Јелушиќ, Магдалена Младеновска и Лазар Христов

Сценограф: Илина Ангеловска
Костимографи: Антонија Гугинска - Јорданоска и Елена Вангеловска
Кореограф: Александра Кочовска Начева
Композитор: Џијан Емин
Извршен продуцент: Симона Угриновска
Инспициент и асистент на режисерот: Никола Кимовски

времетраење: 80 минути

Приказната за Аладин и неговата волшебна ламба е една од највозбудливите во збирката Илјада и една ноќ, во која ја вметнал Французинот Антон Галанд во 18 век. На сцената на Македонскиот народен театар, во режија на Бојан Трифуновски, ќе гледате осовременета верзија, чие дејство се случува во денешно време, но елементите на бајка со современи визуелни средства, сепак се присутни.

Голема вредност на оваа драматизација е присуството на духовитост и хумор, на кој се инсистира и вербално, но и незаборавно духовитите ситуации. Комбинацијата на бајка, хумор, музика и современост е клучот на оваа претстава за успех. Најмладата публика, за која пред сè е наменета, ќе има шанса да патува, и да се смее, и да ги сака јунаците на сцената.

Транспозиција, од митско во сегашно време, носи нови вредности на оваа извонредна бајка. Претставата се стреми да изгради сосема нов и возбудлив визуелен израз, кој е пресуден за комуникацијата со современите деца. Музиката, и елементите на мјузикл придонесуваат со леснотија да се нурнете во морето авантури на нашиот јунак. А за визуелното да ја заокружи театарската магија, режисерот се одлучува да „игра“ со сенки, како парафраза на древниот Карагоз театар.

Доживувањата и авантурите на Аладин, според следот на приказната, нè водат од возбуда во возбуда, од сцена во сцена, со цел да ни ја откријат, овој пат сензационално, во формат на детски сценски спектакл, вредноста на љубовта, пријателството и магијата






Бојан Трифуновски

Роден 1979, Скопје. Дипломира на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на отсекот за театарска режија, кај проф. Слободан Унковски, во 2006 г.

Како режисер работел во сите поголеми театри во Македонија, а некои од позначајните претстави се: *Крал Иби* (2007), *Празен град* (2008), *Парите се отепувачка* (2011), *Borg 4 love* (2013), *Пат околу светот* (2014), *Нешто пропуштаме* (2015) и други. Автор е на филмски и тв сценарија: *Т'ГА ЗА ЈУГ* (2011), *Брус ли е пи.ка* (2011), *Хашашини* (2010), *Wrong way* (2010), *Паваротиистарецот* (2005) и *Како сам порастао на пропагандни ТВ* (2003); како и на драмски сценарија: *Ни таму ни ваму* (2011), *Пипи долгиот чорап* (2013), *Пат околу светот* (2014), *Барбара, не е се во парите (Парите се отепувачка)* (2011), *Туѓ пекол и други заразни болести* (2012), а со текстот *CHASING THE MOON* е награден на конкурсот *New European prodigy,* во Бирмингем, Обединето кралство Велика Британија.



Реализирал повеќе од дваесеттина музички спотови за бендовите: „Мизар", „ПМГ", „Санаториум", „Стринг форсес", „Дина", „Еарл Греј", „Хелстрингс", „Лоши деца" и други. Режисер е и на повеќе од десетина реклами за познати македонски компании и брендови, а бил и организатор на неколку фестивали, меѓу кои се: *МОТ, Лица без маски* и *Бела ноќ.*


СОЗДАВАМЕ НА СВЕТОВ УБАВИНА

04.06
20:00

ПРАВО КОН SВЕЗДИТЕ
ТОМАТО ПРОДУКЦИЈА
Р. МАКЕДОНИЈА

режисер:
БАНЕ ПОПОВИЌ

документарен филм за
Македонскиот народен театар

времетраење: 48 минути



„Право кон sвездите“ - Документарен филм за Македонскиот народен театар

„Право кон sвездите“ е документарен филм кој е посветен на Македонскиот народен театар во Скопје. Македонскиот столб на театарското творештво на многу театарски и воопшто актерски легенди е повеќе од мотив за да се создаде единство на спомените и современите случувања.

Во 48 минути, овој документарен филм ќе не врати во времето кога постоел предходниот објект на МНТ, срушен во земјотресот, на неговата работа, за тогашната публика и нејзината културата на одење во театар. Сето ова доловено преку сведоштвата на најголемите театарски легенди и стари снимки кои постојат во архивите на Р.М, и кои го доловуваат духот на театарот некогаш. Во исто време овој филм ќе не воведе во приказната од „новата ера“ на постоењето на МНТ. Со документаристички пристап на целата изградба на новиот објект на театарот како и нејзиното значење преку сите учесници во процесот на изградбата, најистакнатите драмски уметници во земјава, сведоштва на истакнати личности од различни свери на културата.

„Сонцето, колку е блиску сонцето“ – рекла Вера Вучкова кога за прв пат застана на сцената на МНТ во 1945-та година. Желбата на целиот македонски народ за да се слушне македонскиот јазик на голема сцена конечно била исполнета.

Скулптурите и комплетниот надворешен изглед на зградата, црвениот тепих, големите лустери, даските на тогашната сцена, фоајето каде се собирала публиката, грандиозните гримиорни, па дури и дрвеното мовче кое водело до театарот, буквално дишеле како едно со публиката која секоја вечер облечена во специјални тоалети и костуми го полнела гледалиштето.

Развојот на културата, славењето на македонскиот јазик преку драмските текстови кои се изведувале на таа голема сцена одеднаш прекинал во кобното утро на 26-ти јули 1963 година. Духот на Скопје се изгубил помеѓу правот од рушевините кои го покриле, а во таа катастрофа настрадал и театарот во која скопјани доживеале голема загуба.

Сведоштвата на сите кои имаат удел во приказната за овој театар создаваат спој на спомените и современите случувања.

режисер **Бане Поповиќ**

05 и 06.06
20:00

МАГБЕТ: ИСПЛАШЕНА ДУША

ХУИ ОПЕРА
И ПЕКИНШКИ ОПЕРСКИ ТЕАТАР
Р. КИНА

режисер:
ЌИНА СУ

Играат:
Јушу Ванг, Ѓингтинг Ќу, Јун Тао, Хујганг Ѓин, Кај Џанг, Синчен Ѓин, Хе Јанг, Минг Ду, Лисја Ванг, Менгјуан Ќин, Син Ли

Асистент-режисер: Ѓингсјен Ванг
Продуцент: Бејсјунг Су
Помошник-продуцент: Гуопинг Ѓи
Линиски продуцент: Ќинг Дунг
Продукциски менаџер и уметнички супервизор: Лонгбин Ли
Консултант на Хуи опера: Тајшан Ли
Сценарист: Ќенг Сун
Сценски уметнички дизајнер: Пејсен Ванг
Музички дизајнер: Џејуен Су и Јинху Џао
Мелодиски дизајнер: Јифенг Ву и Ај Сјанг
Светло-дизајнер: Џенгпинг Џоу
Кореограф: Леј Љу
Акциски кореограф: Минг Ду
Координатор на проби: Ѓен Гуан
Инспициент: Јименг Је
Литературен консултант и преведувач: Бјаоѓуен Џу
Супервизор на меѓународна културна и уметничка размена: Фенгминг Џу

времетраење: 80 минути

1. Магбет: исплашена душа учествуваше на најголемиот уметнички фестивал во светот Edinburg Festival Fringe, во 2016 година. Фестивалот беше одржан од 5 до 29 август 2016 година, со содржина од над 3000 неверојатни, уникатни и инспиративни настани.

2. Магбет: исплашена душа е исклучителна претстава – добитник е на Тринаесеттата фестивалска награда за кинеска драма.

За време на пролетта и есента (770-476 пр.н.е.), државата Веи била на работ да биде освоена, но генералот Си Јин застанал во одбрана на својата земја.

На неговото триумфално враќање, генералот Си Јин среќава три богови, кои му кажуваат три пророштва. Третото пророштво е дека Си Јин наскоро ќе стане крунисан крал на државата Веи. Генералот Си Јин воопшто не верува во она што тие го кажуваат. Сепак, со исполнување на првите две пророштва, Си Јин станува сè порезервиран. Обземен од амбицијата и поттикнат на акција од страна на неговата сопруга, Си Јин го убива кралот и застанува на престолот. Потоа го опфаќа чувство на вина и параноја, па наскоро станува тирански владетел бидејќи е принуден да извршува сè повеќе и повеќе убиства за да се заштити себеси од непријателствата и големата недоверба. Крвопролевањето и граѓанската војна која следува набрзо, ги доведува Си Јин и неговата сопруга до ароганција и лудило. Неколку години подоцна, верните службеници и генерали од претходната династија ги обединуваат своите сили и се одмаздуваат на кралот Си Јин. Поразениот Си Јин конечно го смирува умот.



МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ





Ќина Су

Режисерот работел како заменик-директор на оперскиот театар Џеѓанг Вуѓу, а бил назначен и за уметнички директор на Хуи опера и Пекиншкиот оперски театар на покраината Анхуи, потоа за уметнички директор на оперскиот театар Џеѓанг Ѓинг Куен, директор на кинескиот Пекиншки оперски театар. Има работено и како визитинг-професор на катедрата за уметничко образование на Академијата за традиционална кинеска опера.

Како театарски режисер, г. Су е во постојана потрага по иновации засновани врз старата наследна традиција. Има режирано повеќе од сто претстави, меѓу кои и адаптации на традиционални опери и нови историски драми.

Исплашена душа во изведба на Хуи опера и Пекиншкиот оперски театар на покраината Анхуи е адаптација на класичната драма Магбет од Шекспир во режија на г. Су.

МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

08.06
20:00

ДОН ЖУАН

НАРОДЕН ТЕАТАР „ИВАН ВАЗОВ"
Р. БУГАРИЈА

автор:
ЖАН БАТИСТ МОЛИЕР
режисер:
АЛЕКСАНДАР МОРФОВ

Играат:
Дејан Донков, Велислав Павлов, Ана Пападопулу, Милена Аврамова, Теодора Духовникова, Рени Врангова, Жорета Николова, Валентин Ганев, Валери Јорданов, Јулијан Вергов, Пламен Пеев, Руси Чанев, Филип Аврамов, Дарин Ангелов, Дејан Ангелов, Слав Бистрев, Ева Данаилова, Владислава Николова

Сценографи:
Александар Орлов и Александар Морфов
Костимограф: Марина Рајчинова
Кореограф: Мила Искренова
Фотограф: Божидар Марков

времетраење: 160 минути

За да се вклучите во актерската стихија на неверојатни сценски инкарнации.

За да видите како вечниот заводник Дон Жуан влегува во бескраен судир со љубовта, сомнежот, светот, па дури со себеси.

За да ја почувствувате бесконечната жед да се љуби, но и невозможноста да се насити и да се наслади на љубовта.

За да си ги поставите секогаш актуелните прашања – Како живееме? И во што да веруваме?

ДОН ЖУАН: Ја поседувам амбицијата на освојувачот. Чувствувам, дека моето срце би можело да ја љуби целата Земјина топка. И како Александар Македонски би посакал да постојат и други светови, за да можам и во нив да ги проширам љубовните освојувања.

НАГРАДИ:

АСКЕЕР 2007

- за споредна женска улога (Рени Врангова)
- за режија (Александар Морфов)
- за најдобра претстава

ИКАР 2007

- за најдобра претстава
- за режија (Александар Морфов)
- за споредна машка улога (Захари Бахаров)



МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ



Маските на Дон Жуан

Околу 1630 година, под знакот на демонот и богохулството, е роден големиот Дон Жуан. Постои верување дека неговиот творец — шпанскиот монах, писател и драматург, Тирсо де Молина – ја продал душата на ѓаволот во замена за литературна слава. Со претставата Севилскиот измамник *и* камениот гостин на театарот му го подарил првиот приказ на еден мит чијашто магија трае речиси четири века. Оттогаш, во митот за Дон Жуан се присутни сите главни теми: ликот на непостојаниот маж, толпата напуштени жени и камениот гостин. Неколку години по големиот успех на претставата на Тирсо де Молина, некој си дон Мигел де Мањара, опседнат со ликот исто како што други биле опседнати со нечистиот дух, започнал да води живот оддаден на сладострастие и безбожност, а за тоа раскажуваат повеќе хроничари. И така било сè до оној ден кога Жан-Батист Молиер го поставил на театарската сцена. Оттогаш, Дон Жуан не престанува да ги заведува жените, се разбира, според легендата, но и според креаторите на имагинарното — драматурзите, поетите и музичарите. Оние кои не се занимавале со судбината на вечниот заводник Дон Жуан се исклучок иако предизвикот на овој лик е задолжителна фаза во животот на уметникот. Во минатото, Дон Жуан се поврзувал со имињата на Молиер и Моцарт, на Балзак и Флобер, на Пушкин и Голдони. Од друга страна пак, Бајрон, Толстој, Алфред де Мисе и Теофил Готје го портретирале според нивните желби и карактеристиките на нивната епоха. Кога Дон Жуан Тенорио се појавил на хоризонтот на културата, тој имал тело на паганскиот полубог и бил измачуван од стравот на христијанскиот ад. Тој бил претставен и како страшен и ужасен оскврнител на гробниците на Ерос. Во 17 и 18 век го прогласиле и за благородник и ѓавол, за развратник и бунтовник. Романтизмот му ја подарил вечната носталгија за жените, но и горчината на животот. Илјада и една ноќ не би биле доволни да се раскажат сите нови инкарнации на Дон Жуан: математичар и татко на семејството во делата на Макс Фриш, ироничен еротоман кај Аполинер, мистичен и демонски ерудит кај Кристијан Грабе, братоубиец кај Александар Дима, безволен слабак кај Мишел де Гелдерод. Шпанскиот романтичар Хозе Зорилја го турнал во каење со цел да го спаси од казната. Теофил Готје му придал карактеристики на мудрец. Николас Ленау го довел до самоубиство. Еден фон Хорват го следел на прошетката низ Вајмарска Германија. Проспер Мериме го одвел во Шпанија, а Роже Вајан го претворил во капиталист и го нарекол господин Жан. Без оглед дали е комичен или мрачен лик, дали е бунтовник или маченик, дали е проколнат како Фауст, застрашувачки како Хамлет или таткоубиец како Едип, Дон Жуан може, без страв, да ги носи сите видови маски. И секогаш останува непроменет во својата суштина и во својата вечна желба. Токму поради оваа негова апстрактна сила, данскиот филозоф Серен Кјеркегор верува дека Дон Жуан не заведува, туку силно посакува. И токму таа негова силна желба оддава ефект на неодоливо привлечен маж.

09.06
20:30

БАЛКАНСКИ STAND UP
со САШКО КОЦЕВ и ПРИЈАТЕЛИТЕ

времетраење: 180 минути

Никола Тодороски (Македонија) е актер и стендап комичар роден во Охрид. Во моментов работи како актер во Народен Театар Охрид и како еден од најактивните македонски стендап комичари со над 150 шоуа годишно. Покрај на домашен терен плива и во интернационални води. До сега настапувал насекаде низ балканот, а и пошироко во Амстердам, Хелсинки, настапувал во еден од светски познатите стендап клубови The Comedy Store во Лондон. Минатата година успеа да стигне до полуфиналето на светскиот стендап натпревар The Funniest Person in The World. Редовно настапува во Софија каде е еден од основачите на првиот стендап клуб во Бугарија, The Comedy Club Sofia каде е резидент комичар.

Ненад Стефановски (Србија/Македонија) е млад комичар во организацијата Standup.rs веќе 3 години. Стефановски е роден во Македонија, но неговото детство го поминува во Белград каде што сега живее и работи. Гостувал ширум Србија, настапува во неговиот матичен клуб Бен Акиба, работел и како водител/модератор на поголеми корпоративни настани. Добил прекар по место во Србија, а не по Дизниевиот јунак. Секој настап го започнува со „Добровечер Белграде", бидејќи го живее својот сон на Македонец во Белград.

Александар Перишиќ (Србија) оваа година ја одбележува шестгодишнината од неговото работење како комичар во Standup.rs. Заедно со неговите колеги учествувал во создавањето на емисиите Stand up and more на каналот Comedy Central Extra. Настапувал во сите бивши републики на СФРЈ, Унгарија, на фестивали во Бугарија и на сите значајни фестивали во регионот. На гостувањата најчесто настапувал со Марина Орсаг од Хрватска со култната тематска стенд-ап претстава „Каде бре?!" тема што се занимава со српско-хрватските односи и веќе две години ја изведуваат во Хрватска и во Србија. Перишиќ е познат по црниот хумор како и по учеството во Комедија на импровизации со колегата Срѓан Динчиќ.

Јелена Радановиќ (Србија) е резидент-комичарка во Standup.rs и прва дама на стенд-ап сцената во Србија. Како стенд-ап комичарка работи од 2011 г. кога со одлуката на жирито и публиката победила на StandUpFest во Белград на натпреварот Отворен микрофон. Со својот хумор и талент плени и ги руши предрасудите дека стенд-ап е машка работа/професија. Во текот на кариерата настапувала во регионот, како и во својот матичен клуб Бен Акиба во Белград, како и во клубови, театарски сцени и на најпознатите регионални фестивали. Покрај стенд-ап, Раденовиќ работела и како водителка на радиоемисија и како уредник на забавна програма на ТВ. По петгодишно искуство како стенд-ап комичарка, по 100 настапи во Србија и во регионот, во клубови и на најголемите фестивали, Радановиќ на 1 ноември 2016 г. во клуб-барот Бен Акиба Комеди, премиерно го одиграла шоуто „Ако јас не ви одмогнам, кој?"



Тин Водопивец (Словенија) на почетокот на својата кариера во 2016 година настапувал во 12 држави на три различни јазици. Својот прв интернационален настап го имал во 2010 година на фестивалот на комедија Leicester, а во 2011 година станал прв балкански комичар кој бил повикан да го изведе своето шоу на Comedy Store во Лондон. Исто така настапувал во Лос Анџелес, Париз, Виена, Будимпешта, Белград, Загреб, Скопје и пошироко на Балканот.

Тин е соосновач на фестивалот на стенд-ап комедија во Љубљана, кој многу брзо станал еден од најголемите фестивали во регионот.

Тој своето второ *one man show* го изведувал во Цанкарјев дом, во преполна сала во Љубљана шест вечери по ред во ноември 2012 година. Во март 2013 година Тин го најавил Еди Изард на неговото шоу во Словенија и во Хрватска. Од септември до декември 2013 година, Тин водел неделна стенд-ап тв- емисија што била емитувана на словенечката национална телевизија Планет ТВ. Тиновото трето *one man show* „Дезерт" премиерно е изведено на 6 октомври 2014 година. Во август 2015 година Тин на YouTube ја постави својата comedy special „Озбиљне глупости" што е снимена во Загреб. Во моментов Тин е на турнеја низ Словенија со своето ново шоу Старо за ново заедно со пионирот на словенечката комедија 60-годишниот Борис Кобал. Премиерата на шоуто е изведена во Операта во Љубљана и оттогаш имаат скоро 100 настапи. Во декември 2016 година Тин имал турнеа низ Скандинавија, во Копенхаген, Гетеборг и Хелсинки каде што бил финалист во The funniest Person in the World Competition и е номиниран во првите 20.

МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

13.06
20:00

ИВАНОВ

НАРОДНО ПОЗОРИШТЕ БЕЛГРАД
Р. СРБИЈА
автор:
А. П. ЧЕХОВ
режија и адаптација:
ТАТЈАНА МАНДИЌ-РИГОНАТ

Играат:
Никола Ристановски, Нада Шаргин,
Предраг Ејдус, Бранко Видаковиќ,
Данијела Угреновиќ, Хана Селимовиќ,
Ненад Стојменовиќ, Никола Вујовиќ,
Бранка Петриќ, Вања Милачиќ,
Бојан Кривокапиќ, Јелена Живковиќ,
Предраг Васиќ, Немања Константиновиќ,
Јелена Халупа, Никола Драговиќ,
Иван Мирковиќ, Немања Бубало

Сценограф: Бранко Хојник к.г.
Костимограф: Бојана Никитовиќ
Композитор: Ирена Поповиќ
Сценски говор: Љиљана Мркиќ-Поповиќ
Сценски движења: Анѓелија Тодоровиќ
Извршен продуцент: Милорад Јовановиќ
Организатор: Немања Константиновиќ

времетраење: 160 минути

„Иванов“ е првата Чехова поставена претстава. Праизведбата била во 1887 г. во театарот „Корша“, и постигнала „солиден успех“, но кај авторот предизвикала чувство на замор и фрустрации (од писмото за братот). По премиерата почнал да прави корекции на текстот, направил неколку верзии, но најголемата промена била во доменот на жанрот, од комедија во драма, за изведбата во Александрискиот театар.

Потоа продолжил со доработување на текстот, подготвувајќи го за печат во „Северен весник“ (1887) и зборникот „Драми“ (1899).

Успехот може да се објасни со тоа што зборува за актуелните проблеми што ги мачеле руските интелектуалци во осумдесеттите години на XIX век.

Во времето кога се занимавал со „Иванов“, Чехов го забележал следново: „Јунаците во расказите и во романите (Печорин, Онегин) имале дваесет години, а сега не смеат да се бираат јунаци помлади од триесет – четириесет. Истото ќе се случи и со женските ликови“. „Тие години за Чеховите женски ликови се фатални: означуваат состојба на премин од некаде кон разочарување, од чувство на слобода кон чувство на недостаток на слобода, од мноштво можности кон можност осудени на пропаст, движење по една иста обележана патека до крајот на животот“. (Б. И. Зингерман);

„Зошто се изморивме?“, во нивно име прашува Чехов. „Зошто ние луѓето, така страсни, храбри, благородни, побожни, околу триесет и петтата, стануваме потполни банкроти? Зошто едните се гасат во туберкулозата, вторите гинат од куршум во чело, третите бараат утеха во вотката и во картите, четвртите за да ги задушат стравот и тагата, цинички со нозе го газат својот портрет од младоста? Зошто ние, кога еднаш се согласивме, не сме веќе во состојба да се подигнеме, губејќи едно не бараме друго? Зошто? Разбојник, висејќи на крст, знаел да си ја врати радоста, остварената надеж, иако до крајот на животот му останало уште половина час“.

За „Иванов“ е пишувано многу од неговото постоење до денес. И секогаш предизвикувал бројни и остри расправи. Но текстот не наидувал на единствено толкување и сфаќање ниту во критиката ниту во науката за книжевноста ниту во театарските интерпретации. „До денес нема единствено мислење за тоа што точно се случува во текстот, за што станува збор, каков е карактерот на главниот јунак“. (Д. Путченков); Во текстот не постои јасно дефинирана, „релјефна“ фигура за Иванов. Дадени се само верзии на неговата личност, од кои ниту една не се јавува како конечна. Традиционалниот драмски конфликт на јунакот и неговото опкружување, Чехов го сменил со принципиелно нов, чија суштина е (поради несогласувањата со самиот себеси) — во контрадикција меѓу неговиот внатрешен свет и неговите конкретни постапки. Затоа ликот на Иванов, според Ј. Христиќ претставува: „Целосна оргија на она што англосаксонските критичари го нарекуваат points of view“.

Во руската театарска и литературна критика не постои лик што предизвикал толкав број расправи, спорови и интерпретации. Посебно била остра реакцијата на руската либерална интелигенција. Во времето кога од книжевноста се очекувале големи вистини што ќе помогнат животот преку ноќ да се смени – Чехов не давал едноставни одговори. Напротив, бидејќи „иако Чехов покажал дека не е слеп за апатија и пустош на животот во тогашна Русија, тој не давал јасни одговори на конкретни прашања“. (Ј. Христиќ);

Неговиот одговор на критиката бил: „Луѓе каков што е Иванов не ги решаваат прашањата, туку паѓаат на нивни товар“.

Иако Чехов пишувал дека неговата цел била да го прикаже таканаречениот просечен човек (концептот со кој се занимавала руската литература во 80-тите години на XIX век, посебно Толстој и Салтиков-Шчедрин; В. Б. Катаев), рано се појавиле споредби на Иванов со Хамлет, иако самиот Иванов ја отфрла таквата претензија во еден од неговите монолози. Критичарката Т. К. Шах-Азизова смета дека „во споредба со Хамлет, кој при сите свои противречија и незадоволства со себеси останува возвишен херој, Иванов изгледа како некој збир од различни особини на потиштени луѓе, во распон од трагичен до комичен пол (...) Иванов е чуден човек кој не сакал да биде Хамлет, но сепак, станал руски Хамлет на 80-тите години, со сето она што времето го вградило во него“.

Колку и да се труделе критичарите да го дефинираат ликот на Иванов, во него како засекогаш да останува „некоја заклучена Чехова тајна која провоцира за нови обиди на толкување“. (А. П. Скафтимов)

Славко Милановиќ



МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ



Татјана Мандиќ-Ригонат

Дипломирала театарска и радиорежија на Факултетот за драмски уметности во Белград, во класата на проф. Дејан Мијач. Позначајните претстави што ги режирала се: Lovely Rita, Т. Браш – Студентски културен центар; „Госпоѓица Јулија“, А. Стриндберг – Ателје 212; „Урнебесна трагедија“, Д. Ковачевиќ – Народно позориште „Стерија“ Вршац; „Лолита“, В. Набоков – Битеф театар; „Љубовта на Џорџ Вашингтон“, М. Гавран – Ателје 212; „Бергманова соната“, И. Бергман – Народно позориште во Белград; „Талула“, Ј. Страјн – БЕЛЕФ; „Човек на случајности“, Ј. Реза – Народно позориште во Белград; „Собрани приказни“, Д. Маргулис – Ателје 212; „Уво, грло, нож“, В. Рудан – Ателје 212; „Мртви уши“, О. Богаев – Народно позориште во Сомбор; „Тераса“, Ј. Христиќ – Југословенско драмско позориште; „Леден свитец“, В. Радоман – Мадленианум; „Кислород“, И. Вирипаев – БЕЛЕФ/Југословенско драмско позориште; „Судија“, В. Моберг – Народно позориште во Белград; „Љубовно писмо“, Ф. Арабал – БИТЕФ/Сервантес; „Хитлер и Хитлер“, К. Костјенко – Ателје 212; „Сексуални неврози на нашите родители“, Л. Берфус – Народно позориште во Белград; „Свиоци“, Т. Штивичиќ – Ателје 212; „Чекај ме на небото, љубов моја“, Ф. Арабал – Мадленианум; „Зли души“, по романот на Ф. М. Достоевски – Народно позориште во Белград; „Да даде Господ мајка да те роди роман“ на В. Рудан – ХНК „Иван пл. Зајц“, Риека/Хрватски културен дом на Сушак; Госпоѓа министерка, Б. Нушиќ – Театар „Бошко Буха“; „Наши синови“, Војислав Јовановиќ-Марамбо – Народно позориште во Белград; „Лени“, В. Шулцов и Р. Олекшак – Битеф театар. Драматизации: „Лолита“, роман на В. Набоков (заедно со Биљана Максиќ); „Ѓаволот беше жежок“, приказни на Ч. Буковски; „Мртви души“, роман на Н. В. Гоголь (режија Дејан Мијач); „Зли души“, роман на Ф. М. Достоевски; „Да даде Господ мајка да те роди“ роман на В. Рудан. Режирала и радиодрами по сопствени текстови и драматизации. Автор е на збирките песни Мистерија на среќниот контрабас и Од животот на птиците.



МНТ•ФЕСТ
МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ



МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

ДИРЕКТОР
ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ

ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР
ГУНТЕР КУБЕ

ТЕХНИЧКИ ДИРЕКТОР
ЈУГОСЛАВ АЦЕСКИ

ДРАМАТУРЗИ
ДЕЈАН ДУКОВСКИ
ЗАГОРКА ПОП-АНТОСКА-АНДОВСКА

УРЕДНИК
МИЛА АНЃЕЛКОВИЌ

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈНЕР
ГОРЈАН ДОНЕВ

ПРОДУЦЕНТИ: ВИКТОР РУБЕН, СИМОНА УГРИНОВСКА; МАРКЕТИНГ : САНДРА СТОЈМИРОВА, СРЃАН ЈАНИЌИЈЕВИЌ, БОЈАН ТРИФУНОВСКИ; ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА: МИЛА АНЃЕЛКОВИЌ; ПРЕВЕДУВАЧ: МАРИЈА ДИМИТРИЕВСКА; КУСТОС НА МУЗЕЈОТ ПРИ МНТ: ИВАНА ЈАРЧЕВСКА; ЛЕКТОРИ: ЦВЕТАНКА НЕДАНОВСКА, ТОДОРКА БАЛОВА; СУФЛЕРИ: ЗОРИЦА БЛАГОЕВСКА, АГНА НИКОЛОСКА, ТАЊА ИВАНОВСКА; ТЕАТАРСКИ ДИЗАЈНЕР: ИЛИНА АНГЕЛОВСКА; ИНСПИЦИЕНТИ: НИКОЛА КИМОВСКИ, ВУКИЦА АЛЕКСАНДРОВА, АЛЕКСАНДАР РАЈКОВСКИ; РАКОВОДИТЕЛ НА КАБИНЕТ НА ДИРЕКТОР: ДЕСПИНА ТОДОРОВСКА

ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ: РАКОВОДИТЕЛ НА РАБОТИЛНИЦИ: **ТАТЈАНА БЛАЖЕВСКА – ХРИСТОСКА;** РАКОВОДИТЕЛ НА СВЕТЛО: **ДАНИЕЛА АТАНАСОВА;** РАКОВОДИТЕЛ НА ТОН: **БОЈАН УГРИНОВСКИ;** РАКОВОДИТЕЛ НА ВИДЕО: **ДАВОР ЧЕРЕПНАЛКОСКИ;** МАНИПУЛАНТИ НА ГОРЕН И ДОЛЕН ПОГОН: **КОСТАДИН ВЕЛКОВ, ВАСКО БОЈАЏИСКИ, ТРАЈЧЕ ТАСЕВСКИ, ГОРАН ДИМОВ;** ДЕКОРАТЕРИ: **СРЃАН ПАВЛОВСКИ, САВО ИВАНОВСКИ, ВАСИЛ МЕШКОВСКИ, РУСЕ СТЕФАНОВСКИ, ЧЕДО ДИМОВСКИ, ПАВЛЕ КРАЛЕВСКИ, ИВИЦА УРДАРЕВИЌ, ДЕЈАН СТАМЧЕВСКИ, МАРТИН КИТАНОВСКИ, БОБИ ГЕЛИЌ, НИКОЛА СТАМЕНКОВИЌ;** ТОН-МАЈСТОРИ: **АЛЕКСАНДАР ПЕТРОВСКИ, НЕНАД ТРПЕНОВСКИ, ТАШКО ГРУЈОВСКИ, АЛЕКСАНДАР АРСИЌ;** СВЕТЛО-МАЈСТОРИ: **ИЛИЈА ТАРЧУГОВСКИ, ГОРЈАН ТЕМЕЛКОСКИ, ДАРКО МЛАДЕНОВСКИ, ВЛАДО ЌУЛАВКОВСКИ, ИГОР ЃЕОРГИЕВ, РАДИВОЈЕ РЕСНИК, ИГОР МИТРЕВСКИ;** ВИДЕО-ОПЕРАТОРИ: **ДИМИТАР ДИМИТРОВ, ФИЛИП ПЕТРОВСКИ, МАРИН РОЧЕВСКИ;** ГАРДЕРОБЕРИ: **ФИДАНЧО ПЕТРОВСКИ, ВАЛЕНТИНА ЧОНКОВА, СВЕТЛАНА АПОСТОЛСКА, СКЕНДЕР БЕРИША;** ПЕРИКЕРИ/ФРИЗЕРИ: **БРАНКА ПЉАЧКОВСКА, МОНИКА ГРКОВСКА;** РЕКВИЗИТЕРИ: **СОЊА КРСТЕВСКА, ЛАЗО МИЕВ, ИСМАИЛ БАКИ, ЗЛАТАН БОЈЧЕВИЌ;** ВАЈАР: **АНГЕЛ ПЕТРОВСКИ;** ДОМАЌИН-БРАВАРИ: **ЗОРАН МИНОВСКИ;** НАБАВУБАЧ: **СТОЈАН РИСТОВСКИ**

Издавач: НУ Македонски народен театар
ул. „11 март“ бр. 3, Скопје, Р. Македонија
тел. + 389 2 3216 725
за издавачот Дејан Пројковски
Тираж 1500

Резервација и продажба на билетарницата на МНТ
тел. + 389 2 3230 304
www.mnt.mk

МНТ•ФЕСТ

МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

3 - 13 јуни 2017 година

ул. „11 март“ бр. 3, Скопје, Р. Македонија
тел..: + 389 2 3216 725
веб-локација..: www.mnt.mk | е-пошта..: info@mnt.mk

Резервација и продажба на билетарницата на МНТ тел. + 389 2 3230 304